СООПШТЕНИЕ

Ребрендирани вината „Александрија“ на „Тиквеш“

# Еден од најпознатите вински брендови во ново руво!

*Скопје, 30.09.2016* –„Тиквеш“ го објави најновото модернизирање на своето продуктно портфолио. Имено, направено е модернизирање и одвојување на популарниот вински бренд „Александрија“ во посебна линија, која покрај добро познатите црвена и бела „Александрија“ е збогатена и со ново полусуво розе вино.

Инаку, новото вино „Александрија розе“, уште пред неговото лансирање на пазарот, покажа дека ќе биде совршена екстензија на еден од најпопуларните и најпреферирани вински брендови во земјава и регионот. Имено, на реномираниот меѓународен вински натпревар „Citadelles du Vin“ што се одржа во Бордо, Франција, најновиот член на линијата „Александрија“ освои златен медал, како и сребрен медал на натпреварот „Concours Mondial de Bruxelles“ во Брисел, Белгија.

*„Ако денот се познава по утрото, тогаш освоените медали за новото „Александрија розе“ е најдобар показател за оправданоста на нашата одлука и на вложувањата во дополнување на исклучително популарниот вински бренд „Александрија“ и негово издвојување во посебна линија. Веруваме дека и со оваа иновација во нашето продуктно портфолио креиравме дополнителна вредност за љубителите на квалитетното вино и за продложување на традицијата на овој вински бренд и неговата полуларност која е присутна во целиот регион, уште од неговото појавување пред 35 години, па сè до денеска“,* објаснува генералниот директор на ВВ „Тиквеш“, **Игор Илиевски.**

Дополнително, направена е и промена и подобрување на изгледот на вината од линијата „Classic“ кои добија нова поексклузивна амбалажа што ќе ги направи уште попривлечни за потрошувачите, како во земјата, така и на странските пазари.

Посетителите на овогодинешниот „Вино-Скоп“ и љубителите на овие вина, може да земат учество во натпреварот за најдобра фотографија на популарната социјална мрежа Instagram (#СекојаКапкаЕИнспирација) и со тоа да се приклучат кон кампањата „Секоја капка е инспирација“ која го комуницира новиот изглед на „Александрија“.

За дополнителни информации: Винарска визба „Тиквеш“ (комуникации), тел. +389 2 3181 741

ImagePR, +389 (0)2 3290 486; office@imagepr.com.mk